Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија, издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за Владата на Република Македонија,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 25 февруари 2003 година.

Бр. 07-794/1
25 февруари 2003 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Борис Трајковски**, с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
м-р **Никола Поповски**, с.р.

# З А К О Н
# ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Во Законот за Владата на Република Македонија (“Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/2000), во членот 40 ставот 2 се менува и гласи:

“Секретаријатот за законодавство ги врши работите што се однесуваат на обезбедување на конзистентноста на правниот систем и давање стручни мислења за усогласување на предлозите на законите и на другите прописи со Уставот на Република Македонија, со законодавството на Европската Унија и со меѓународните договори ратификувани во согласност со Уставот на Република Македонија и дава стручни мислења по прописите на општината за кои Министерството за локална самоуправа тоа ќе го побара.“

Член 2

Членот 43 се брише.

Член 3

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија“.